
ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА- ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛНОСТ

Автори:
Калътрина Селими
Андреја Богдановски



Скопје 2015

analyticamk

www.analyticamk.org

Полициско работење во заедницата - од идеја до реалност

Автори:

Калтрина Селими
Андреја Богдановски

Дизајн:
Мухсин Гулер

Овој извештај е подготвен од истражувачи во Аналитика тинк тенк (www.analyticamk.org), како дел од истражувачки проект, поддржан од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили, ДЦАФ (www.dcaf.ch).

Ставовите и мислењата изразени во извештајот се на авторите и не ги одразуваат ставовите на Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили.

Содржина:

1. Вовед и методологија

2. Теоретска рамка на полициско работење во заедницата

3. Контекст на развојот на полициското работење во заедницата во Македонија

3.1 Правен аспект на моделот на полициско работење во заедницата

4. Чинители (во креирањето) на полициско работење во заедницата во Македонија

4.1 Државен совет за превенција

4.2 Мисија на ОБСЕ во Скопје

4.3 Министерство за внатрешни работи (Полиција)- Сектор за внатрешни работи Скопје

4.3.1 Безбедносни проекти - Клубови за превенција

4.3.2 Центри за превенција

4.4 Локални совети за превенција

4.5 Советодавни групи на граѓани

4.6 Табеларна презентација на SWOT анализа на сегашниот модел на полициско работење во заедницата во Скопје

5. Студија на случај- општина Аеродром, општина Ѓорче Петров и општина Чаир

5.1 Граѓанска вклученост во безбедносните прашања

5.2 Локална безбедност

5.3 Познавање на локалната полиција

5.4 Ниво на задоволство од работата на полицијата

5.5 Информирање за прашања поврзани со локалната заедница

6. Заклучоци и препораки

Листа на кратенки

ЕУ - Европска унија

ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка во Европа

ПС- Полициска станица

СВР Скопје - Сектор за внатрешни работи Скопје

ОН - Обединети Нации

УСАИД - Агенција за меѓународен развој на САД

МВР - Министерство за внатрешни работи

ЛСП - Локални совети за превенција

СОС Детско село - Организација во Македонија која нуди поддршка на деца кои ја загубиле можноста да живеат со своите биолошки родители

СГГ - Советодавни групи на граѓани

НВО - Невладини организации

ГО - Граѓанско општество

Сумнал - Организација за развој и асоцијација на ромската заедница во Македонија

С.В. - Службен весник

1. Вовед и методологија

Овој труд го оценува функционирањето на моделот на полициското работење во заедницата (community policing) во главниот град на Македонија, Скопје по пат на анализирање на структурата и примената на концептот на полициското работењево заедницата во три општини: Аеродром, Чаир и Ѓорче Петров. Покрај тоа, трудот вклучува и наоди од теренското истражување врз основа на спроведени телефонски анкети, фокус групи и лични интервјуа, во обид да се одговори на прашањето до кој степен е развиено полициското работењево заедницата во Скопје.

Ова подразбира идентификување на аспекти како: дали полицијата ги прифатила новите процедури за раководење, дали вовела услови обука за полициско работење ориентирано кон заедницата, дали има донесено измени во организационата структура на полициските сили, како и, до кој степен се воспоставени партнерства помеѓу полицијата и заедницата. Трудот исто така ги проучува и методите и алатките кои полицијата ги користи за да и пристапи на заедницата на која ѝ служи.

Трудот е поделен на два дела: првиот дел се однесува на тоа како е организирано полициското работење во заедницата во Скопје, кои се приоритетите на кои се фокусира работата на полицијата, кој ги спроведува истите,што функционира во практика, а што не? Дополнително овој труд, дава критички осврт на работата на телата кои го спроведуваат овој модел (на пример Локалните совети за превенција), и како тие придонесуваат се на се за полициско работење во заедницата.

Во вториот дел се проценува моделот на полициското работење во заедницата во практика применувајќи го пристапот" од доле нагоре". За оваа цел применет е методот на студија на случај, со што беа избрани три општини во Скопје како репрезентативен примерок. Етнички гледано, едната општина е со мнозинство од македонско население (Аеродром), другата со мнозинство од албанско население (Чаир), и третата општина со мешано население (Ѓорче Петров).

Во однос на истражувачката методологија, првиот дел од истражувањето се потпира на информации од државните институции и други важни чинители добиени преку употребата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, национални и меѓународни извештаи за работата на полицијата во Македонија, како и интервјуа и медиумски статии. Дополнително, методологијата употребена за овој труд вклучува и десктоп истражување, продлабочена анализа и преглед на постојната литература и извештаи.

Во обид подобро да се разберат локалните ставови на граѓаните кои живеат во овие општини, беше спроведена телефонска анкета во трите општини при што вкупно 180 испитаници одговорија на анкетите.

Покрај тоа, беа организирани три фокус групи со учесници од гореспоменатите општини. Секоја фокус група имаше шест учесници при што еднакво беа застапени

лица од различни возрасти и пол. Одговорите од анкетите и фокус групите беа употребени за подобро да се прикаже што граѓаните мислат за полициското работење во заедницата со цел да се идентификуваат итните потреби и да се предложат нови насоки за понатамошен развој на полициското работење во заедницата во кое граѓаните непосредно учествуваат.

За подлабоко да се истражи работата на трите општини беа спроведени интервјуа со претставници на општините, со членови на Локалните совети за превенција како и со Секторот за внатрешни работи Скопје при МВР.

Дополнително, направени се вкрстени анализи на статистиките на кривичните дела за 2012, 2013 и 2014 со резултатите добиени од анкетата со цел да се утврди дали потребите на граѓаните и нивните грижи биле соодветно адресирани преку постојниот модел на полициско работење во заедницата во Скопје и дали полицијата има ефективен канал за комуникација помеѓу граѓаните, другите државни институции, ГО и полицијата. Последното е од особена важност за концептот на полициското работење во заедницата кој се потпира на соработка врз основа на воспоставување на партнерства и организациски реформи со цел подобра превенција од криминал и решавање на проблеми.[1]

Понатаму, беше организирана тркалезна маса на која беа повикани сите поважни чинители одговорни за спроведување на полициското работење во заедницата во Скопје, со посебен акцент насочен кон трите општини избрани како студија на случај. На тркалезната маса присуствуваа претставници од канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, како и претставници од академската заедница. Во голема мера, заклучоците од тркалезната маса ги потврдија наодите на ова истражување и иницираа нови идеи за понатамошно подобрување на моделот за полициското работење во заедницата,произлезени директно од чинителите вклучени спроведувањето на моделот. Ова на трудот му дава дополнителна вредност и значително придонесе во дело со идентификуваните заклучоци и препораките.
Работењето на полицијата во заедницата бидејќи како концепт е применлив во македонскиот контекст, се разбира според дефиницијата направена од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, односно како ”полициско работење кое активно ја вклучува заедницата со цел да го намали, спречи и открие криминалот“; претставува партнерство помеѓу полицијата и заедницата со цел полицијата континуирано квалитетно да ѝ служи на јавноста.[2]

1 “Дефинирање на работењето на полицијата во заедниците” –Полициски услуги ориентирани кон заедниците (COPS), Сектор за правда на САД, Вашингтон, прв пат издадено 2012, ревидирано во 2014

2 “Работењето на полицијата во заедниците”, Планови на предавања на ОБСЕ, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, во А. Дикичи “Воведување на Мулти-етничкото полициско работење во Македонија: Улогата на ОБСЕ”. Улусларараси Хукух ве Политика 3/10. ст.141.

2.Теоретска рамка на полициско работење во заедницата

Полициското работење во заедницата како концепт може да се гледа како еден вид на филозофија на полициското работење. Се има појавено пред сè од потребата да се промени начинот на кој полицијата функционирала во минатото; што се должи на неуспехот на традиционалниот начин на полициско работење, кое се карактеризира со централизирано и бирократско организирање. Оваа формулана полициско работење не можела да се соочи со предизвиците на денешното општество, меѓу кои и зголемената недоверба во полицијата.[3]

Како концепт се здобива со поголема релевантност во истражувачката заедница поради промената од "централизиран и бирократски модел кон децентрализиран и отворен модел"[4]. Тројановиц и Картер ја даваат веројатно една од најдобрите дефиниции за полициското работење во заедницата која ги опфаќа сите нејзини елементи. Тие сметаат дека таа е "филозофија а не специфична тактика; проактивен, децентрализиран пристап замислен да го намали криминалот, нередот и стравот од криминал, преку вклучување на истиот полициски службеник во одредена заедница на подолг временски рок"[5]. Претставници од академската заедница во изминатите неколку децении, поигруваат со неколку семантички термини за да ја опишат филозофијата на полициското работењево заедницата. Главната фраза во таа битка на зборови е т.н. "полициско работење насочено кон решавање на проблеми", кое може да се смета дека е комплементарно на полициското работење во заедницата, но притоа без целосно да го замени. Вклученоста на граѓаните во моделот на полициско работење во заедницата се смета за потребна, што не е и случај во"полициското работење насочено кон решавање на проблеми"[6]

Полициското работењево заедницата има претрпено многу промени низ годините, со истовремени обиди за негова имплементација во нови области и држави кои претходно немале искуство со ваков концепт. Ова е особено видливо во земјите од Централна и Источна Европа, како и на африканскиот континент. Сепак, не постои единствена дефиниција или пример за како полициското работењево заедницата треба да изгледа. Низ светот, полициското работење во заедницата си има свои специфики во делот на имплементацијата, што значи дека англо-саксонскиот начин на спроведување се разликува од американскиот или тој во континентална Европа. Многу автори го опишуваат полициското работењево заедницата како модел инспириран од западот кој како готов производ се копира во голем број на земји. Мајк Брогден и Преети Нијхар го појаснуваат ова велејќи дека "полициското работење во заедницата е важно...бидејќи тоа е клучна компонента на поттикот за извоз од Западот во развојот на нови полициски структури во транзициските

3 Лиу, Кутсај Том, и Еуген Г. Савац. "Перцепција на граѓаните околу влијанието на полициското работење во заедницата." Квартален извештај на Јавна Администрација Вол. 20, Бр. 2 (1996): 163

4 Ибид. 164

5 Тројановиц Роберт К. и Д. Картер (1998). "Филозофијата и улогата на полициското работење во заедницата". Источен Лансинг, МИ: Прес на Државен Универзитет на Мичиген.

6 Мајкл Д. Ризинг. "Полициско работење во заедницата и проблем-ориентирано работење." Криминал и Правда Вол. 39, бр. 1 (2010): 9

општества...”[7] Освен тоа, извозот на полициското во заедницата како филозофија и како реформски процес станува во голема мера составен дел во работата на меѓународните организации како што се ООН, ОБСЕ, ЕУ итн. Ова, исто така, важи за Македонија каде првобитно полициското работење во заедница како концептот беше воведен од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во периодот по завршувањето на вооруженият конфликт во 2001 година.

Полициското работење во заедницата, има посебна улога во пропаднати, транзициони и постконфликтни општества, во кои полицијата се наоѓа во процес на големи промени со цел да стане попристапна кон потребите на локалното население. Зигер и Нилд (2002) цитирани во М. Бродген и П. Нијхар (2013:4) го гледаат воспоставувањето на демократското полициско работење како темел на безбедноста и стабилноста, кои се неопходни за консолидирање на демократијата и за создавање на поволна средина за економски развој.[8]

3. Контекст на развојот на полициското работењево заедницата во Македонија

Концептот на полициското работење во заедницата во Македонија е тесно поврзан со темелните промени во политичките и институционалните структури во Македонија, кои произлегуваат од усвојувањето на Охридскиот рамковен договор, сеопфатен документ на поделба на моќта со кој што се стави крај на внатрешниот вооружен конфликт во Македонија во 2001.

Охридскиот договор освен што ги направи непријателствата минато иницираше и бројни реформи во различни општествени сегменти вклучувајќи го и македонскиот безбедносен сектор. Периодот по 2001 година и Охридскиот рамковен договор ги поставија темелите на повеќе етнички сензитивното управување и институции како и вработувања на претставници од различни етнички групи во полициските сили. Целта беше подобро да ги претставуваат и да одговорат на потребите на сите заедници кои живеат во Македонија. Дополнително, една од главните компоненти на овој договор беше децентрализацијата на локалната власт која треба да биде придобивка за сите заедници подеднакво.

Земајќи ја предвид кревката постконфликтна ситуација како и напорите за поправична застапеност на малцинствата, безбедносниот сектор во Македонија, особено полицијата во годините по конфликтот беше во центарот на вниманието. Оттука, во раните 2000ти постоеше стимул за полицијата да ја врати довербата и почитта на локалните граѓани што подразбираше процес на сеопфатни реформи, вклучувајќи зголемена видливост на полицијата и етнички мешани патроли.

7 Мајк Брогден и Преети Нијхар (2013). “Полициско работење во заедницата, национални и меѓународни модели и пристапи” Раутлеџ стр2
9 A&sig=ANxTF1ku6RPuUiiO8eoGH8YjjNE&redir_esc=y#v=onepage&q&f=false стр. 2
8 Ибид.4

Се смета дека мешаните полициски сили имаат поголемо влијание во подобрувањето на меѓуетничките односи и придонесуваат за заемна доверба меѓу граѓаните и полицијата што води кон зголемена соработка[9]. Потребата од мешани полициски единици согласно демографијата на одредени региони во Македонија и понатаму го потпомогна за прифаќање на полициското работење во заедницата како концепт. Полициското работење во заедницата треба да биде одраз на локалните заедниците на кои им служи со цел да се постигне оптимално работење.

Згора на тоа, полициското работење во заедницата може да помогне во создавањето на систем за рано предупредување, со кој може да резултира со поголем степен на пријавување на криминални случаи. Вклучувањето на граѓаните и нивното учество во превентивни проекти и кампањи може да придонесе кон побезбедни населби и кон севкупната безбедност. Постепената децентрализација на полициските надлежности на локално ниво ги одразува напорите за премостување на јазот меѓу полицијата и локалните заедници.[10]

3.1 Правен аспект на моделот на полициско работење во заедницата

Полициското работење во заедницата во Македонија не се наоѓа во посебен закон. Најголемиот дел од материјата која го регулира полициското работење во заедницата се наоѓа низ разни стратегии и документи.

Законот за полиција[11] усвоен во 2006 година, на пример го стандардизира полициското работење во заедницата со член 11 (без експлицитно да го користи терминот полициско работење во заедницата), што ја обврзува полицијата да соработува со граѓани, здруженија и други правни лица, со органите на сите општини и градот Скопје со цел подобрување на безбедноста и спречување и откривање на кривични дела и прекршоци. Законот за полиција ја обврзува полицијата да соработува со заедницата, но не прави разлика меѓу традиционалното полициско работење и полициското работење во заедницата. Овој член на законот служи како основа со цел полициските институции понатаму да го развијат моделот на полициско работење во заедницата.

Повремените интервенции во законодавството ја отежнуваат примената на полициското работење во заедницата. Отсуството на јасни законски одредби особено во делот за врската меѓу полицијата и општините во однос на полициското работење во заедницата од една страна им овозможува флексибилност на општините, но од друга страна, им дозволува на локалните власти голема произволност во однос на тоа како да соработуваат со полицијата за работи кои влијаат на локалната сигурност и безбедност. Недостасуваат и посебни буџетски ставки наменети за развој на

9 Полициското работење во мултикултурна заедница – Х И; Ј П Саливан, Извршниот истражувачки полициски форум (ПЕРФ) НВ, 1997

10 Ц. Конеска "Македонија: Анализа на контекст на реформите во безбедносниот сектор во Македонија 1991-2008" http://analyticamk.org/images/stories/files/cassrm_mk.pdf; стр.19, Скопје, 2011

11 Службен весник на Р.М. Бр. 114 / 2006, измени во, Службен весник бр. . 145/2012 и во Службен весник бр. 41/2014

полициското работење во заедницата во Македонија во буџетите на општините, што уште повеќе ја усложнува примената на концептот.

Направени се обиди да се адресира ова прашање со донесување на Упатство за регулирање на методите и начините на превентивното работење од страна на МВР во 2013. Залагањето беше да се дефинира улогата на Локалните совети за превенција (ЛСП) во однос на: координација на локалните заедници, откривање на безбедносни проблеми, дефинирање на политиката за работа и креирање стратегии за решавање на локалните проблеми, како и заеднички активности и планови за работа со полицијата на конкретни решенија. [12]

Понатаму следи дефинирање на конкретни задачи кои треба да се преземат од страна на ЛСП. Тие се: собирање на жалби, молби и барања на локалното население, размена на информации со сите членови кои имаат пристап до одредени доверливи информации; анализа на влијанието на идентификуваните проблеми; проценка на потребите и дефинирање на политиката на работа, периодично оценување на постигнатите резултати, и доколку е потребно прилагодување на акционите планови, оценување на конечните резултати итн.

И покрај ова, во текот на нашите истражувачки активности, не успеавме да најдеме некаков објавен труд на Локалите совети за превенција кој би ги адресирал горенаведените задачи.

4. Чинители (во креирањето) на полициското работење во заедницата во Македонија

Иако полициското работење во заедницата не е формално пропишано во примарното законодавство (на пример во Законот за полицијата или во деловниците за работа), начинот на кој се применува(вклучувајќи го и градот Скопје) укажува на неколку главни чинители. Тие се: Државниот совет за превенција, Министерството за внатрешни работи (Сектор за внатрешни работи), Локалните совети за превенција, Советодавните групи на граѓани и Центрите за превенција; Како и преку имплементацијата на различни проекти за безбедност како што се "Клубовите за превенција". Некои имаат подобри резултати од други.

На пример, и покрај тоа што се соочуваат со многу предизвици, Локалните совети за превенција покажуваат подобри резултати од Државниот совет за превенција. Иако со воведувањето на полициското работење во заедницата во Скопје се предвидени функционални механизми, тие сè уште не се лесно препознатливи од страна на граѓаните. Затоа повеќе кампањи околу постоењето на тековните механизми се потребни, додека генерално се работи во насока на институционализација и стандардизација на полициското работењево заедницата. [13]

12 Упатство за регулирање на методите и начините на превентивното работење, како и планирањето и евидентирањето на превентивните активности, Министерство за внатрешни работи, февруари 2013
13 Заклучок од тркалезната маса организирана на 22 јуни 2015.

4.1 Државен совет за превенција

Државниот совет за превенција е главното координативно тело кое ги поставува националните приоритети и обезбедува соодветна применана концептот на полициско работење во заедницата во Македонија. Советот за првпат беше воспоставен во 2008[14], а негови членови се високи функционери како Премиерот, Министерот за внатрешни работи, Министерот за правда, Министерот за транспорт и врски, Министерот за образование и наука, Министерот за здравство, Министерот за финансии и Министерот за локална самоуправа. Во отсуство на Премиерот, Министерот за внатрешни работи претседава со Државниот совет за превенција. Според правните документи, одлуката за основање на ова тело дозволува исто така граѓанските здруженија (ГО) да учествуваат во неговите активности. Иако членовите на Советот се обврзани да се состануваат најмалку двапати годишно[15], нема јавно достапни информации за тоа колку често се одржале состаноци и која била нивната агенда. Ако се земе предвид дека во последните неколку години имаше зголемено насилство низ главниот град Скопје што честопати имаше потенцијал за разгорување на меѓуетнички тензии, недостатокот на информации за активностите на ова тело ја става под знак прашалник смислата за неговото постоење. Дел од учесниците на тркалезната маса ја изразија својата загриженост дека овој Совет не е целосно функционален во практика.

4.2 Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Мисијата на ОБСЕ во Скопје е еден од најважните актери во однос на промовирање на идејата за и воспоставување на полициското работење во заедницата во Македонија, вклучувајќи го и градот Скопје. Голем дел од сегашниот мандат на ОБСЕ произлегува од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2001, и оттука спроведувањето на низа мерки за градење на доверба[16] како:

- Враќање на полицијата во поранешните кризни подрачја;
- Полициски реформи и обуки, вклучувајќи и обуки на нови полициски службеници од немнозинските етнички заедници;
- Зајакнување на институциите на локалната самоуправа;
- Обезбедување на помош и спроведување на проекти во областа на владеење на правото и развој на медиумите;
- Обезбедување на правична застапеност на немнозинските заедници во полицијата, судството, јавната администрација, војската, медиумите и јавните претпријатија; и
- Продолжување со проекти за подобрување на меѓуетничките односи, вклучително и во сферата на образованието.

[14] Министерство за внатрешни работи, информација добиена по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 110/14

[15] Службен весник на Република Македонија Бр.133/ 2008

[16] ОБСЕ , *OSCE Factsheet - Spillover Monitor Mission to Skopje*, http://www.osce.org/files/documents/b/3/14317.pdf. стр. 2

Тука може да се види суштинската идеја за формирање на структури на полициско работење во заедницата како дел од поширокатa стратегија за реформа на полицијата во Македонија. Идејата за полициско работење во заедницата првично беше претставена пред Министерството за внатрешни работи како и Министерството за надворешни работи во ноември 2001.[17] Мисијата на ОБСЕ во Скопје започна со првичните подготовки непосредно по завршувањето на конфликтот и не брзаше со имплементацијата, туку го спроведуваше врз основа на пристап кој се темели на два столба во период од десет години. Првиот столб е соработката на ОБСЕ со Министерството за внатрешни работи, додека вториот може да се види во соработката со локалните општини во врска со полициското работење во заедницата. На ОБСЕ и беше потребна помалку од една деценија да стигне до суштината на полициското работење во заедницата со промоција и воспоставување на Локални совети за превенција и Советодавни групи на граѓани.

Во првите неколку години кои беа посветени на обуки и имплементација на концептот, ОБСЕ се фокусираше на обука на службеници на МВР за основната филозофија на полициското работење во заедницата, со цел да се осигура дека истата филозофија стане дел од работната етика на МВР[18]. Едно од најголемите достигнувања на ОБСЕ, кога станува збор за полициското работење во заедницата може да се види преку воспоставувањето на инспектори за превенција како дел од полициската структура на Министерството за внатрешни работи, нешто што претходно не постоело и директно е поврзано со полициското работење во заедницата[19]. Голем дел од поддршката на ОБСЕ се состои во обезбедување на обуки, работење на вградување на овие структури во рамките на МВР преку поддршка за систематизацијата на овие нови позиции, со стручно знаење, буџетска поддршка итн.[20].

Беа преземени и напори на локално ниво. Тие вклучуваа основање на Локални совети за превенција и Советодавни групи на граѓани кои се суштината на моделот на полициско работење во заедницата. Сепак, овие структури покажуваат различно ниво на успешност, бидејќи некои од нив сè уште не се целосно одржливи.[21] Еден од главните предизвици со кои ОБСЕ се соочуваше во туркање на оваа реформа е влијанието кои локалните избори го имаат врз работата на овие структури поради политизација. Со други зборови, некои општини поради изборните резултати започнуваат од нула со воспоставување на нови Локални совети за превенција, со што се одзема институционалното знаење од претходно поставениот Совет и го закочува целиот процес. [22]

Од 2013 ОБСЕ ја прекина поддршката на Локалните совети за превенција како и на Советодавните групи на граѓани. Постигнувањето на задоволително ниво на самоодржливост- особено во делот на соработка со Министерството за внатрешни работи (прв столб) – е главната причина што мисијата на ОБСЕ се наоѓа во процес

17 Интервју со претставник на мисијата на ОБСЕ во Скопје, 15 јули 2015
18 Интервју со претставник на мисијата на ОБСЕ во Скопје, 15 јули 2015
19 Ибид.
20 Ибид.
21 Ибид.
22 Ибид.

на прекинување на активната поддршка на полициското работење во заедницата во Македонија. Иако ОБСЕ ја запира формалната поддршка, тие сепак ќе бидат индиректно ангажирани во полициското работење во заедницата преку други програми за реформа на полицијата.[23]

4.3 Министерство за внатрешни работи (Полиција) – Сектор за внатрешни работи Скопје

Министерството за внатрешни работи преку Секторот за внатрешни работи несомнено е еден од најважните фактори одговорни за развојот и примената на концептот на полициското работење во заедницата. Една од причините за оваа претпоставка е фактот што општините сè уште немаат посебни буџетски ставки за полициското работење во заедницата, додека Министерството за внатрешни работи има и финансиски и логистички средства за работа во оваа област.

Одделението за превенција е организациска единица во рамките на Секторот за внатрешни работи кое презема голема улога во доменот на полициското работење во заедницата. Всушност, во секоја полициска станица во Скопје работи инспектор за превенција кој ги координира активностите со Одделението за превенција и општините.

Работата на Одделението за превенција главно се состои во развивање на годишни стратегии за превенција и организација на активности за зголемување на свеста. Годишната стратегија за превенција ги зема во предвид извештаите за криминални дејствија подготвени од Секторот за аналитика во рамките на Секторот за внатрешни работи. На овој начин, надлежните органи можат подобро да ги адресираат потенцијалните ризици и да преземат превентивни мерки навреме. Исто така вака се поставуваат мерки за рано откривање на безбедносни ризици и се развиваат приоритети за Одделенијата за превенција во рамките на Секторите за внатрешни работи во сите региони во Македонија.

Општината избира/назначува командир на локалната полициска станица на своја општинска територија. Секои 6 месеци, или почесто ако е потребно, командирот на локалната полициска станица за превенција ги информира градоначалникот и советниците во општината каде работи полициската единица. На овој начин, тие можат заеднички да донесуваат заклучоци и се подготвуваат работни планови за превенција на криминал. Членовите на општинскиот совет заедно со градоначалникот потоа гласаат за шестмесечниот полициски извештај и даваат препораки за полицијата за приоритетните области каде полицијата треба да се фокусира во следните шест месеци. Сепак, нема доволно информации за степенот на имплементација на овие препораки од страна на полицијата, ниту пак овие извештаи се јавно достапни на интернет страните на општините.

23 Ибид.

Секторот за внатрешни работи исто така организира различни кампањи во сите постојни друштвени клубови низ Скопје, како пензионерските клубови со цел да се зголеми свеста за тоа како постарите лица би можеле да се заштитат од напади и грабежи, со оглед на тоа дека е забележан зголемен број на напади кон постари лица во раните утрински часови. Други кампањи вклучуваат активности за зголемување на свеста за тоа како да се спречат грабежите на становите, кражба на моторни возила итн. Кампањите се спроведуваат во соработка со локалната самоуправа со цел да се упатат граѓаните за тоа како да се заштитат и како да бидат претпазливи. Во летниот период кампањите се посветени на теми како превенција од пожари, додека за време на зимските празници има кампањи со фокус на небезбедна употреба на пиротехника или безбедно возење итн.

Покрај развојот на стратегии и превентивните кампањи, Секторот за внатрешни работи во Скопје исто така е одговорен за обука на полициските службеници во областа превенцијата. Обуките вообичаено траат 1 до 2 дена и во 2013 и 2014 200 полициски службеници добиле ваква обука.[24] Сепак, стратешкиот план за 2013-2015 за јакнење на соработката и довербата меѓу полицијата и граѓаните беше одредено да биде класифициран документ. Кое било ниво на класификација за таков документ особено оној кој директно е насочен кон граѓаните како негови крајни корисници може да се смета за проблематично, особено бидејќи граѓаните и другите чинители директно вклучени во полициското работење во заедницата би имале придобивка само доколку вакви документи се јавно достапни.

Приоритети за Одделение за превенција, Сектор за внатрешни работи Скопје за 2015[25]:
- Превенција на тешки кражби
- Борба против трговија со дрога
- Превенција на зависност од дрога
- Превенција на сите форми на нарушување на јавниот ред и мир и насилство
- Превенција на малолетничка делинквенција и социопатско однесување кај младите

Моделот на полициско работење во заедницата кое се применува во Скопје исто така ќе има голема придобивка од ефикасно организирање на соработката и односите меѓу општинската администрација и Министерството за внатрешни работи во смисла на надлежности и ресурси, нешто што досега се третира со голема доза на флексибилност. Одвоениот пристап креира пречки за можностите кои граѓаните можат да ги користат при соработка со полицијата и во напорите кон побезбедни заедници. Здружен пристап исто така би овозможил поефикасна употреба на ограничените ресурси.

24 Министерство за внатрешни работи, Информација добиена со користење на законот за слободен пристап до јавни информации. април 2014, барање бр. 139/14

25 Интервју со Ристо Јовановски, инспектор во Одделот за превенција во Секторот за внатрешни работи, март 2015.

Според учесниците на тркалезната маса, еден голем проблем кој ја попречува работата на Локалните совети за превенција е недостатокот на јасни процедури за работа и акциони планови/стратегии на Секторот за внатрешна контрола Скопје или Министерството за внатрешни работи во однос на полициското работење во заедницата и општините. Отсуствува визија за тоа како понатаму да се развијат овие совети и како ефективно да се одговори на потребите на заедницата.[26]

Сепак, ефикасно организирање не мора да значи унифицирање на полициското работење во заедницата низ Скопје. Нешто што е потребно во Ѓорче Петров може не е потребно во Аеродром или Чаир, и обратно. Од тие причини, полициското работење во заедницата треба да се прилагоди според потребите на заедниците.[27] Полициското работење во заедницата треба да се смета повеќе како стратегија за решавање на локалните безбедносни прашања, како и на помали кривични дела, или стратегијата би можела исто така да се користи за собирање на информации во локалните заедници.

4.3.1 Безбедносни проекти- Клубови за превенција

Еден пример на иницијатива која ја доближува полицијата до младите е проектот "Безбедност во училиштата", кој е спроведен од Министерство за внатрешни работи (Одделението за превенција) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Проектот започна во 2011/2012 година во неколку средни училишта и беше продолжен по успешната евалуација.[28] Иако главната цел на проектот беше подобрување на безбедноста во училиштата и намалување на малолетничката делинквенција, типот на проектните активности нормално ја доближуваат полицијата до младите.

Одделението за превенција при Секторот за внатрешни работи изготви проектни планови и организираше активности кои се фокусираа на високо ризични групи на млади кои со поголема веројатност би можеле да потпаднат под лоши влијанија. Овие проектни планови беа развиени врз основа на претходни извештаи за криминал и анализи на Одделот за аналитика при СВР[29]. Главните целни групи се основните и средните училишта во Скопје и главните активности вклучуваат воспоставување на Клубови за превенција со цел да се организираат работилници на теми како: човекови права, улогата на полицијата во демократско општество, насилство во спортот итн.[30]. Покрај студенти, работните групи исто така вклучуваат локални НВО и меѓународни организации како СОС, СУМНАЛ, УСАИД, ОБСЕ.[31]

Работните групи во Клубовите за превенција се составени од стручни педагози, претставници на Советот на родителите, соработник од Одделението за образование

26 Заклучок од тркалезната маса организирана на 22 јуни 2015.
27 Заклучок од тркалезната маса организирана на 22 јуни 2015.
28 ОБСЕ Скопје : Проект на ОБСЕ- "Безбедност во училиштата' http://www.osce.org/skopje/94516
29 Интервју со Ристо Јовановски, инспектор во Одделението за превенција во СВР Скопје, март 2015.
30 Министерство за внатрешни работи: Проект "Безбедност во училиштата"
http://www.mvr.gov.mk/vest/35
31 Ибид

на град Скопје, како и општински службеници надлежни за образование. Овие групи изготвуваат работни планови, ги координираат активностите на училиште со цел следење на можно непримерно однесување на поединци или групи во училиштата, за да се спречи деликвенција во зародишна фаза.[32] Средбите на овие групи се одржуваат еднаш месечно во текот на школската година, и покрај горенаведените учесници, на средбите исто така учествуваат и наставниците, инспекторот за превенција- кој е полициски службеник како и инспектор за малолетничка деликвенција во координација со Одделението за превенција во СВР Скопје.

Меѓутоа, само одредени училишта во неколку општини се дел од овој проект. На пример, од трите општини кои беа анализирани во овој труд, само во општина Аеродром има Клубови за превенција.[33] Во Ѓорче Петров и Чаир сè уште не се формирани Клубови за превенција, а средби меѓу полицијата и учениците има само кога се спроведуваат одредени кампањи наменети за учениците, но нема редовни средби.[34] Анкетите и фокус групите спроведени во овие три општини покажаа дека малолетничката деликвенција се смета за безбедносен проблем само од страна на граѓаните на општина Аеродром. Оттука, одлуката да се основат Клубови за превенција во училиштата во Аеродром може да се смета како случаен одговор на конкретните потреби отколку како систематско спроведување.[35] Сепак, ова не смее да ги исклучи другите две општини Чаир и Ѓорче Петров кои во последните две години имаа на своја територија насилни судири[36] меѓу полицијата и граѓаните, односно во голема мера младите од овие заедници.

4.3.2 Центри за превенција

Друг метод за превенција на криминал и приближување на полицијата до граѓаните е основање на Центри за превенција во општините и локалните урбани и месни заедници. Првиот Центар за превенција беше воспоставен во општина Гази Баба (Маџари) во октомври 2014, а руралниот дел од општината исто така доби ваков Центар во април 2015[37]. Министерството за внатрешни работи, исто така, отвори Центар за превенција во Ѓорче Петров. Овој Центар за превенција се наоѓа во центарот за култура во Ѓорче Петров, и два пати месечно организира средби со граѓаните на разни теми од семејно насилство до зависности. Еднаш неделно, Центарот има "отворен ден" кога граѓаните можат да закажат индивидуална средба со локален полициски службеник. [38]

32 Интервју со Ристо Јовановски, СВР Скопје

33 Ибид

34 Интервју со Сабит Шабани, член на Советот на општина Чаир, 7 мај, 2015 и интервју со член на Локалниот совет за превенција во Ѓорче Петров, март 2015.

35 Телефонска анкета, во општина Аеродром од 60 граѓани 5 % се изјаснија дека најголем проблем за нивната безбедност ја сметаат малолетничката деликвенција.

36 Албанските протести продолжуваат во Македонија, Топ Ченел, 11.07.2014 – http://www.top-channel.tv/english/artikull.php?id=12286; Акцијата на македонската полиција во етничките судири под знак прашалник– Балкан Инсајт, 23.05.2014 – http://www.balkaninsight.com/en/article/skopje-calm-after-ethnic-riots-over-murder

37 Се наоѓа во месната заедница Стајковци

38 Интервју со Г. Ристо Јовановски, главен инспектор во Одделението за превенција при СВР Скопје, интервјуто е реализирано во март 2015

Важноста на овие Центри се состои во тоа што им даваат можност на граѓаните да зборуваат со полицијата за безбедносни проблеми кои ја засегаат нивната населба или локална единица, без потреба да се да се решава проблемот на општинско ниво. Ова е особено од помош за руралните области, како селата кои спаѓаат под општина Ѓорче Петров но територијално се наоѓаат далеку од општинската зграда - на овој начин тие добиваат можност да ги решаваат проблемите кои се специфични само за нивната рурална област.[39]

Иако овие Центри се веќе воспоставени, на локално ниво не се познати. Според податоците собрани преку анкетата и фокус групата, не е јасно како овие Центри привлекуваат посетеност од граѓаните. Концептот на соработка и ангажман меѓу полицијата и граѓаните не се многу познати. Граѓаните сè уште ја гледаат улогата на полицијата како традиционална – односно улогата ѝ е само во рамки на кривично гонење.

4.4 Локални совети за превенција

Идејата за формирање на Локални совети за превенција потекнува од инволвираноста на ОБСЕ во програмата за полициско работење во заедницата во Македонија. Прв пат беше воведена во 2007, со цел да обезбеди поширока институционална и граѓанска поддршка за моделот на полициско работење во заедницата.[40]

Локалните совети за превенција заедно со Граѓанските советодавни групи се можеби најблиската форма на институционализација на полициското работење во заедницата во Македонија. Добро структурираните пристапи особено кога се работи за Локалните совети за превенција следеа модел кој обезбедува солидна платформа за дискусија на релевантни теми за локалните безбедносни прашања. Овие Совети обично се составени од членови на локалниот општински совет, локалната полиција и зависно од темата на дискусијата - членови од различни министерства како Министерството за образование и наука или Министерството за труд и социјална политика. Градоначалникот претседава со Советот и сите претставници од министерствата во Советот мора да соработуваат со него на локално ниво[41]. Не постои минимална квота кога се работи за бројот на состаноци кои треба да се одржат. Сепак, од различни причини кои се споменуваат подолу ова може да биде проблематично бидејќи некои Локални совети за превенција всушност не се состануваат, додека други како во случајот на Ѓорче Петров утврдиле да се состануваат два пати годишно. Дополнително, во случајот на Ѓорче Петров има случаи кога граѓанските организации се исто така поканети на состаноците, и ова е нешто што треба да биде практика а не исклучок.

Според Министерството за внатрешни работи во текот на 2010-2014 година формирани се Локални совети за превенција во сите општини во Скопје[42], и во 2013 по локалните

39 Интервју со член на Локалниот совет за превенција во општина Ѓорче Петров спроведено во март, 2015.

40 Интервју со претставник на мисијата на ОБСЕ во Скопје, 15 јули 2015.

41 Основи на превентивно полициско работење, Розалита Дојчиновска, Одделение за превенција, Сектор за внатрешни работи Скопје, 2013

42 Министерство за внатрешни работи, информација добиена по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 117/14

избори Министерството за внатрешни работи покренува иницијатива за повторно активирање на Локалните совети за превенција со новите општински членови.[43] Покрај тоа што односите меѓу Министерството за внатрешни работи и општините не се регулирани со јасни мандати создава дополнителна конфузија во оваа област. На пример, според Министерството за внатрешни работи, членови на Локалните совети за превенција се избираат по секој изборен циклус, додека општина Чаир спроведува избор на годишно ниво. Сепак, општината Ѓорче Петров не била засегната од големи политични измени поради последователните мандати на сегашниот градоначалник и поради неговата широка поддршка кај тамошната јавност.

Постои видлива недоследност во одговорите кои ги добивме за тоа дали општините имаат воспоставено Локални совети за превенција. Информациите добиени од Министерството за внатрешни работи дека сите општини во град Скопје имаат воспоставено Локални совети за превенција не соодветствуваат со одговорите на општина Аеродром кои одговорија дека тие сè уште немаат формирано Локален совет за превенција.[44]Сепак, постои волја во општина Аеродром за формирање на Совет според вработено лице во општината. Тој дури ја опиша соработката помеѓу општината и полицијата како многу развиена. Сепак, останува нејасно зошто општината не била поактивно вклучена во основање на Совет и покрај тоа што не се идентификувани поголеми пречки.[45] Општина Аеродром исто така има развиено дополнителни алатки[46] кои им овозможуваат на граѓаните да ги достават своите жалби со гаранција дека ќе им бидат одговорени и решени во рок од 48 часа[47]. Дел од жалбите кои ги добиваат се однесуваат на комунални проблеми како оштетено улично осветлување, што индиректно може да се анализира од безбедносна перспектива.

Наспроти тоа, општината Чаир има формиран Локален совет за превенција, во состав од 14 членови од различна професионална позадина, како што се образование, спорт, здравство, култура, медиуми, и од противпожарната служба, како и членови од општинскиот совет и од локалната полициската станица. Во однос на фреквентноста на состанувањето, Локалните совети за превенција во Чаир во просек се состануваат 2-3 пати годишно, кога главно се дискутира за безбедносни прашања.[48] Сепак, таквите средби во Ѓорче Петров се покажаа како најефективни бидејќи по секој состанок се усвојуваат конкретни мерки за подобрување. Локалниот совет за превенција во Ѓорче Петров има 10 членови кои ги покриваат областите образование, спорт и здравство, а другите членови се командирот на локалната полициската станица Ѓорче Петров, командирот на локалната противпожарната служба, претставник на

43 Министерство за внатрешни работи, информација добиена по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 108/14

44 Одговор добиен по е- пошта, по барање за средба со член од Локалниот совет за превенција на општина Аеродром, Скопје, добиено на 17.12.2014.

45 Заклучок од тркалезната маса организирана на 22 јуни 2015.

46 Алатката е достапна на интернет каде граѓаните ја имаат можноста да поднесуваат анонимни поплаки, на следниот линк http://service.aerodrom.gov.mk/

47 Интервју со Марјан Келемен, службено лице за економски развој во општина Аеродром, спроведено во јуни 2015.

48 Интервју со Сабит Шабани, член на Советот на општина Чаир, интервјуто направено на 7 мај 2015 Скопје

јавното обвинителство како и градоначалникот на општина Ѓорче Петров.[49] Овие не се постојани позиции, туку се менуваат во зависност од безбедносните предизвици за кои се дискутира на конкретниот состанок.

Локалниот совет за превенција во општина Ѓорче Петров во 2010 се има два пати состанато, во 2011 три пати, во 2012 и 2013 две пати а во 2014 реализирана е само една средба[50]. Локалниот совет за превенција во општина Чаир во 2014 одржал само една средба, според интервјуата со двајца членови на Локалниот совет за превенција, едниот рече дека во 2014 Советот одржал 3 состаноци[51], додека вториот одговори дека немал информации дали Советот одржал средба во 2014 затоа што не бил информиран или поканет на тие средби. Според вториот член на Советот, причината најверојатно лежи во тоа што некои членови кои не се политички поврзани со партијата на градоначалникот намерно се изоставени од овие средби, и со тоа не се информираат околу работата на Локалниот совет за превенција. [52]

Отсуството на прецизно регулирање на работата на ЛСП најверојатно придонесува за оваа конфузија. Некои од Советите имаат усвоено практика за поканување на членови само на оние состаноци кога е потребна нивната експертиза, додека други ги поканууваат сите членови без оглед на темата на дискусија.[53] Многу ретко се случува Локалните совети за превенција да се состанат со други Совети, иако некои безбедносни проблеми често ја засегаат територијата на две општини. Општина Ѓорче Петров и нејзиниот Локален совет за превенција на пример неколку пати има одржано средба со Локалниот совет за превенција на општина Сарај. Ова може да се смета за добра практика,која може да поттикне други да го сторат истото.

Општини	Фреквентност на состанување				
Година	2010	2011	2012	2013	2014
Ѓорче Петров	2	3	2	2	1
Чаир	N/A	N/A	N/A	N/A	1
Аеродром	/	/	/	/	/

Табела бр.1 Фреквентност на состанување на Локалните совети за превенција во Ѓорче Петров, Чаир и Аеродром

49 Општина Ѓорче Петров, , Информации добиени по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 10-09/1

50 Општина Ѓорче Петров, , Информации добиени по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 10-09/110-11/1

51 Интервју по е-пошта со член на Локалниот совет за превенција на општина Чаир, реализирано на 01.04.2015.

52 Телефонско интервју во член на локалниот совет за превенција на општина Чаир, реализирано во февруари 2015

53 аклучок од тркалезната маса организирана на 22 јуни 2015.

Ретката одржување на состаноци на Локалните совети за превенција покажува дека овие Советине може да се сметаат за активни тела за решавање на безбедносни проблеми на локално ниво. Во моментов, според сегашната состојба можат да се опишат подобро како советодавни групи на општинско ниво кои би можеле да послужат за анализирање на локалните извештаи за криминал, да дискутираат за итни безбедносни проблеми кои би се појавиле, да предлагаат и идентификуваат области кои имаат поголема потреба за полициско внимание.

Во прилог на ова, анкетите покажаа загрижувачки резултати дека граѓаните од трите одбрани општини не се запознаени со постоењето на вакви тела. Само 11.7 % слушнале за Локалните совети за превенција, односно во Аеродром 6.7 %, во Чаир 10% и во Ѓорче Петров 18.3% соодветно. Ова ја отсликува реалноста дека во општина Аеродром нема Локален совет за превенција додека Локалниот совет за превенција во Ѓорче Петров е идентификуван како најактивниот совет во трите анализирани општини. Овие резултати беа потврдени и во фокус групите каде учесниците не беа запознаени со овие тела. Дури и оние кои слушнале за терминот "Локален совет за превенција", малку знаеја што значи или која е неговата важност. Ваков резултат може да укажува на тоа дека локалните власти заедно со Министерството за внатрешни работи треба повторно да го осмислат функционирањето на овие структури и најважно истите да ги направат блиски и транспарентни до нивните граѓани.



Графикон 1. Колку граѓаните се запознаени со Локалните совети за превенција

4.5 Советодавни групи на граѓани

Концептот на Советодавни групи на граѓани најпрвин беше воведен во Македонија преку работната Конференција за полициско работење во заедницата одржана во мај 2002, организирана од страна на Единицата за развој на полицијата на ОБСЕ.[54] Овие групи се формираат доброволно, на граѓански иницијативи кои делат заеднички грижи во врска со нивната безбедност. Тие се составени од полиција и граѓани, што им дозволува на граѓаните да им поставуваат прашања кои ги засегаат на претставници кои се компетентни да дадат одговор и да работат заедно кон решавање на локални безбедносни проблеми.

Советодавни групи на граѓани се еден вид на соработка која им овозможува на граѓаните и полицијата да соработуваат за изнаоѓање решенија кои се темелат врз отворена комуникација. Ова значи да има редовни средби со граѓани и „отворени денови" за дискутирање на безбедносни прашања кои се одржуваат или во општинските канцеларии или полициските станици. Ова се прави со цел да се подобри довербата помеѓу двете тела, и да се воспостави проактивен однос. Земајќи го во предвид фактот дека Локалните совети за превенцијана општините ретко одржуваат состаноци, Граѓанските советодавни групи се сметаат дека се директна врска меѓу полицијата, општините и граѓаните за дискутирање на локалните безбедносни проблеми.

Предвидено е овие групи на граѓани да имаат редовни средби со полициските службеници од локалните полициски станици со цел да дискутираат за проблеми од заеднички интерес и да бараат решенија на локалните проблеми, и да дискутираат на теми како: безбедност во сообраќајот, криминал, јавен ред и мир, помагање и поддршка на жртви и ранливи групи на граѓани и др. Тие треба да бидат лоцирани во сите општини на град Скопје официјални податоци од Министерство за внатрешни работи утврдуваат дека Секторот за превенција има формирано 68 Советодавни групи на граѓани во градот Скопје во текот на 2010-2014[55]. Сепак, овој механизам на полициско работење во заедницата не е правно регулиран што води до забуна и кај граѓаните и властите. Иако постои интерес од страна на граѓаните за ангажирање во такви активности, постои недостиг на информации за тоа како би се продолжило понатаму. На пример, 85% од граѓаните кои учествуваа во анкетата на Аналитика, и 100% од учесниците во фокус групите[56] не беа ни запознаени со оваа можност (види графикон. 2 доле). Затоа, постои потреба од активности за зголемување на свеста кои значително би да придонеле во едуцирање на јавноста за различни механизми кои можат да ги користат за адресирање на одредени прашања кои влијаат врз нивната лична безбедност/ безбедноста во заедницата.

Отсуството на правно нормирање исто така влијае врз тоа како Советодавните групи на граѓани се основаат и работат, што крајно влијае врз главната идеја за нивното постоење. На пример, општината Ѓорче Петров изјави дека постојат Советодавни

54 Основи на превентивно полициско работење, Розалита Дојчиновска, Оддел за превенција, Сектор за внатрешни работи Скопје, 2013

55 Министерство за внатрешни работи, информација добиена по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 109/14

56 Од трите фокус групи во трите општини, јануари 2015, Скопје

групи на граѓани низ целата општина што претставува одлична покриеност и лесен пристап до платформи за дискутирање на локални безбедносни проблеми. Поради огромната територија која ја зафаќа, општината Ѓорче Петров се протега и во повеќе рурални области. Поради тоа, оваа општина одлучи да ги користи постојните структури наречени месни/урбани заедници кои се распространети низ општината и во нив да воспостави Советодавни групи на граѓани.

Функционално, Советодавните групи на граѓани сега се составен дел од дневните активности на овие месни/урбани заедници[57]. Логиката зад овој аранжман беше да се олесни функционалноста, и да се осигура дека локалните безбедносни проблеми се адресирани на локално ниво од страна на локално тело, а не во рамките на пошироко општинско ниво. Како што еден службеник изјави: "зошто да се занимаваат претставниците од еден дел на општината со локални безбедносни проблеми на друг дел од општината"[58]. Сепак, идејата за Советодавните групи на граѓани е да се има пристап од доле нагоре, наместо од горе надолу. Со други зборови, идеалната Советодавна група на граѓани би била формирана од граѓани кои живеат во помала област (неколку улици) кои се погодени од локални безбедносни проблеми и кои би соработувале со локалната полиција и општината во спроведување на активности за зголемување на свеста во врска со различни видови на криминал, и/или би ги поттикнувале властите да обрнуваат посебно внимание на одредени области во населбата.



Графикон 2. Колку граѓаните се запознаени со Советодавните групи на граѓани

57 Интервју со службено лице од општина Ѓорче Петров, интервјуто спроведено на 08.04.2015
58 Интервју со службено лице од општина Ѓорче Петров, интервјуто спроведено на 08.04.2015

4.6 Табеларна презентација на SWOT анализа на сегашниот модел на полициско работење во заедницата во Скопје

Предности	Недостатоци
· Задоволителна правна рамка · Формирани партнерства помеѓу полицијата и заедниците · Организациска трансформација на напредно ниво · Секторот за внатрешни работи Скопје е активно вклучен · ОБСЕ поддржува проекти за полициско работење во заедницата	· Стратегијата за превентивна работа на полицијата е класифицирана, акционите планови за превентивна работа не се достапни за анализа · Нема јасни барања и временски рамки за известувања · Ретки средби на ЛСП · Непостоечки мониторинг тела · Отсуство на транспарентност што резултира со помала инклузивност · Ниска свест кај населението за постојните механизми за решавање на безбедносни проблеми · Моделот на полициско работење во заедницата е поразвиен и активен во некои општини, додека помалку во други
Можности	**Закани**
· Употреба на целосниот потенцијал на воспоставените партнерства во заедницата · Повисока стапка на вклученост на граѓаните · Кампања за зголемување на свеста за постојните тела во заедницата	· Доцнења во повторно активирање на Локалните совети за превенција · Секторот за внатрешни работи не инвестира еднакво и сразмерно во имплементацијата на моделот на полициското работење во заедницата во сите општини

5. Студија на случај - општина Аеродром, општина Ѓорче Петров и општина Чаир

За целта на овој труд за анализа и споредба беа одбрани наодите од три општини во Скопје: општина Аеродром, општина Чаир и општина Ѓорче Петров. Иако овие три општини имаат сличен број на жители, се јавуваат разлики во густината на населението,површина на општината, како и во етничкиот состав. На пример, општините Чаир и Аеродром имаат по околу 70,000 жители, но се разликуваат по населената површина - Аеродром е распространет на повеќе од 20км2[59], додека Чаир е околу 4km2[60] Исто така, општина Аеродром е претежно населена со етнички Македонци, додека општина Чаир има мнозинство на етнички Албанци. Ѓорче Петров во споредба, е малку помала општина со околу 40,000 жители, и етничкиот состав е малку повеќе хетероген од оној на Аеродром но сепак со доминантен број на жители етнички Македонци.[61]

Дополнително, при анализирање на наодите од анкетата и фокус групите во овие три општини, важно е да се земат во предвид активностите кои ги спроведува Секторот за внатрешни работи во овие населби. Следејќи го ова, во општина Чаир не можеше да се идентификуваат гореспоменатите безбедносни-партнерски групи меѓу полицијата и граѓаните кои беа утврдени во другите две општини, како Клубовите за превенција или Центрите, а и не беа откриени Советодавни групи на граѓани. Активностите на Секторот за внатрешни работи Скопје во општина Чаир може да се детектираат во повремени превентивни кампањи, но моментално не се спроведува ништо систематско.

	2012 година					2013 година					2014 година				
	СВР Скопје	ПС Чаир	ПС Бит Пазар	ПС Ѓорче Петров	ПС Аеродром	СВР Скопје	ПС Чаир	ПС Бит Пазар	ПС Ѓорче Петров	ПС Аеродром	СВР Скопје	ПС Чаир	ПС Бит Пазар	ПС Ѓорче Петров	ПС Аеродром
Вкупно кривични дела	15857	1397	1692	1145	1633	16431	1519	1701	1295	2008	12503	1315	1353	1180	1283

Графикон 3. Табела на кривични дела од областа на криминалитетот за 2012, 2013 и 2014 година за ПС Чаир, ПС Бит Пазар, ПС Ѓорче Петров и ПС Аеродром

Сепак, ако се спореди стапката на криминал во 2014 во овие три општини, бројот на кривични дела кои се случиле на територија на општина Чаир е поголем од вкупниот број на кривични дела сторени во другите две општини заедно.[62] Истата логика ја следи

59 Интернет страна на општина Аеродром, општи информации : http://www.aerodrom.gov.mk/portret-na-opshtinata.html, проверено на 03.06.2015

60 Интернет страна на општина Чаир, географска позиција: http://cair.gov.mk/pozita.html проверено на 03.06.2015

61 Интернет страна на општина Ѓорче Петров демографски податоци: http://www.opstinagpetrov.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2352&Itemid=69 проверено на 03.06.2015

62 Министерство за внатрешни работи, информација добиена по барање за пристап до информации од јавен карактер во април 2014, барање бр. 172/15

општина Ѓорче Петров каде стапката на криминал е најниска[63], а низ истражувањето во оваа општина се покажа дека има најактивна соработка меѓу граѓаните, полицијата и општината.

5.1 Граѓанска вклученост во безбедносните прашања

Анализата на граѓанската вклученост во полициското работење во заедницата започнува со нивото на ангажираност на граѓаните за безбедносните прашања кои ги засегаат нивните локални заедници. Само околу една четвртина од испитаниците одговорија дека се ангажираат за локални прашања. Реткост беше да се најдат граѓани кои учествуваат во такви акции во заедницата. Дури и кога одговараа дека се ангажираат, ретко успеваа да посочат конкретни примери на учество. Бројката е различна меѓу различните возрасни групи и се забележува дека граѓаните постари од 50 години се позаинтересирани во оваа проблематика - 45.2 % одговорија дека се ангажираат во теми врзани за безбедноста во нивната заедница. Дополнително, половина од оние што одговорија со "да" се со завршено високо образование.



Графикон 4.

Во текот на фокус групите, граѓаните се жалеа на недостиг на соработка со соседите и недостиг на волја за решавање на заеднички проблеми во непосредното соседство што ги обесхрабрува да веруваат во успешни здружени акции. Покрај тоа, постои ниво на песимизам дека дури и да покренат иницијатива, не би имало резултати во однос на подобрување на ситуацијата. Локалните специфики се отсликуваа во дискусиите во текот на фокус групите - жителите на Чаир обично имаа подобро разбирање со своите соседи бидејќи меѓу нив имаат роднини и блиски пријатели. Сепак, отсуствуваше волја за ангажирање. Од друга страна, жителите на Аеродром кои главно живеат во станбени објекти имаат поизразен индивидуалистички стил на живот и не беа задоволни од функционирањето на куќните совети на пример.

63 Ибид.

Меѓутоа, во оваа општина забележани се успешни иницијативи како здружени реакции против зголеменото загадување на воздухот. Нивото на ангажираност или волјата за ангажирање беше најмала во општина Ѓорче Петров. Вреди да се спомене дека постоеше збунетост за прашања во врска со концептуализацијата – многумина сметаа дека со својот ангажман во безбедносни прашања кои ги засегаат би се мешале во работата на полицијата и многумина не можеа да си претстават како би можеле да ангажираат за такви прашања како обични граѓани.



Графикон 5.

По деталните дискусии за тоа со каков вид на безбедносен ризик граѓаните се соочуваат во своите општини, на прашањето кога постои потреба од граѓанска вклученост, може да се види дека најголем дел од граѓаните не сакаат да имаат активна улога. Најзбунувачки се резултатите од Ѓорче Петров, каде 100% од испитаниците во анкетата не веруваат дека добро соседската соработка може да ја подобри безбедноста во нивните заедници. Коментарите од фокус групата ја објаснуваат ситуацијата како "секој се жали но никој не поддржува иницијативи", како и "не постои солидарност меѓу луѓето бидејќи тие се премногу политички поларизирани и едната група не ја поддржува другата доколку се од различни политички партии".[64]

Слично во фокус групата од Аеродром, еден од учесниците изјави дека граѓанските иницијативи можат да бидат успешни само доколку некој од локалните жители познава влијателни луѓе кои работат во општината или полицијата.[65]

Во фокус групата за Чаир се покажа недостиг на соработка меѓу соседите кога тие се од различна етничка припадност. Коментарите беа "ние многу добро живееме заедно, но кога треба да преземеме заеднички иницијативи не веруваме дека би можеле да соработуваме". Еден од учесниците кој живее во голема зграда изјави дека не ги познава доволно добро соседите за да може сигурно да соработува.

64 Од фокус групата од Ѓорче Петров која се одржа во јануари 2015, во канцелариите на Аналитика во Скопје
65 Од фокус групата од општина Аеродром, одржана во јануари 2015 во канцелариите на Аналитика во Скопје



Графикон 6.

Важно прашање во однос на графиконот 6 горе е тоа како граѓаните ја гледаат улогата на општината во однос на локалната безбедност. Не е јасно дали имаат ограничено разбирање за улогата на општината дека истата е само одговорно тело за подобрување на инфраструктурните проблеми или дали нивната перцепција е поширока и ја сметаат општината за комуникациски канал меѓу граѓаните и полицијата. Според наодите од анкетата, најголем дел од граѓаните очекуваа нивната општина да биде активна кога постојат безбедносни закани предизвикани од друг фактор освен човечки, како слаба осветленост на улиците, недоволно сообраќајни знаци, невнимателни возачи и улични кучиња. Но кога заканите се предизвикани од човечки фактор, како кражбите, нападите и други сериозни кривични дела, граѓаните не ја сметаат општината за фактор кој има улога во подобрување на нивната безбедност. Ова се перципира дека е ексклузивно полициска одговорност.

Наодите од фокус групите укажаа на сличен тренд. Сепак, најголем дел од испитаниците се согласија дека општината може да има поголема улога во гарантирање на безбедноста. Откога се информираше дека командирите на локалната полициска станица во неговата општина го известуваат градоначалникот два пати годишно, еден граѓанин на возраст околу 30тина години од Ѓорче Петров изјави дека во тој случај општината мора да има некаква улога но и дека треба да биде поактивна во вклучување на граѓаните подиректно за ова прашање.[66]

66 Учесникот од фокус групата од Ѓорче Петров е во неговите 30ти години, со високо образование.

5.2 Локална безбедност




Графикон 7.

Генерално граѓаните во анализираните општини се чувствуваат безбедно во своите населби.77.7% од сите анкетирани граѓани се чувствуваат целосно или многу безбедно. Оние кои одговорија дека не се чувствуваат безбедно (16.10% целосно небезбедно и 6.10% умерено безбедно), и како главни причини ги споменаа грабежите, утринските напади врз постари лица, темните улички, бездомните кучиња и брзите автомобили.

Според анкетата, како најнебезбедна општина се покажа Чаир иако без големи разлики во споредба со другите две општини. Исто така можевме да идентификуваме дека резултатите од анкетата за ова прашање се поклопуваат со степенот на криминал и малиот број на превентивни активности кои биле спроведени во оваа општина. Од другата страна во општина Аеродром 83.4 % се чувствуваат безбедно, а Ѓорче Петров е некаде измеѓу со процент од 73.3 %. Во овие општини беа спроведени повеќе безбедносни проекти и кампањи за зголемување на свеста,што може да се смета за позитивен индикатор за успех.

Фокус групите ги потврдија резултатите од анкетата. Учесниците од сите општини потврдија дека тие генерално се чувствуваат безбедно, а учесниците од Чаир покажаа малку понизок степен на задоволство во однос на личната безбедност. Учесниците од сите три општини истакнаа заеднички проблеми, како што се грабежи, проблеми со сообраќајот и нарушување на јавен ред и мир. Како специфички проблеми учесниците од Чаир го споменаа постоењето на нарко дилери, учесниците од Ѓорче Петров се пожалија дека општината не е многу безбедна посебно ноќе, додека жителите на Аеродром беа многу загрижени со загадувањето на воздухот бидејќи тие ја сметаат здравствената безбедност за важен дел за целосната човечка безбедност.

5.3 Познавање на локалната полиција



Графикон 8.

Според анкетата во сите три општини може да се заклучи дека полициското службеник сè уште се смета дека ја има традиционалната улога да го гони криминалот, и е недостапен за граѓаните. На прашањето дали го познаваат својот регионален полициски службеник, во општина Аеродром само 5% од испитаниците одговорија дека можат да го препознаваат, додека во Чаир тој процент изнесуваше 13.3%.




Графикон 9

Од друга страна, охрабрувачки е фактот дека скоро ¾ од граѓаните се чувствуваат удобно да му пристапат на полициски службеник во кое било време. Процентот е највисок во општина Аеродром (80%) а најнизок во општина Чаир (68.3%), но овој

процент е репрезентативен за ⅔ од граѓаните. Не постои значајна разлика меѓу различните возрасни групи, иако најпозитивните одговори беа од граѓани на возраст од 40 - 49 години, а учесниците жени беа поотворени за приоѓање и комуникација со полицијата. Друг охрабрувачки наод поддржан од фокус групите е дека етничката припадност на полициското службеник не беше важен фактор за учесниците - единствено што им беше важно е професионално однесување.

5.4 Ниво на задоволство од работата на полицијата



Графикон 10

Како полицијата ја извршува својата работа и дали граѓаните се задоволни од нејзината работа може да биде важен фактор во спроведување на полициското работење во заедницата бидејќи нивото на задоволство може да влијае исто и врз методите за спроведување на овој концепт. Анкетата укажува дека не постои голема разлика за тоа што мислат граѓаните од трите општини за работата на полицијата. Ѓорче Петров и Аеродром покажуваат најдобри резултати во однос на работата на полицијата, каде 40% и 36.7% од испитаниците соодветно се целосно задоволни. Доколку ги додадеме резултатите од тие што се "задоволни" од работата на полицијата во овие две општини, тогаш повеќе од половина (50%) од испитаниците гледаат позитивно кон работата на полицијата. Општината Чаир малку заостанува зад другите две општини и нашата анкета не покажа задоволство над 50% кај граѓаните. Вкупните резултати за сите три општини укажуваат дека 51% од испитаниците се задоволни од работата на полицијата што соодветствува со последната анкета спроведена од страна на ОБСЕ во 2014 според која 51% од испитаниците на национално ниво беа задоволни со работата на полицијата.[67]

67 Полицијата сепак не е толку (не) сакана Утрински весник 29.12.2014 http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=CF043B4819614F4F8E9EC908845D0EEF

Интересен е фактот што при анкетирањето најголемиот број на интервјуирани граѓани се двоумеа дали да дискутираат за причините на нивното незадоволство. Сепак, учесниците во фокус групата беа поотворени да дискутираат подетално. На пример, една учесничка на возраст од околу 20-тина години од Чаир кажа дека е незадоволна поради бавната реакција на полицијата во итни случаи или кога се пријавува криминал. Таа била сведок на случај кога полициски службеник одбил да процесуира грабеж бидејќи за тој ден му завршила смената и предложил да го пријават криминалот кај неговиот колега кога ќе му почне смената.

Друг учесник од Аеродром кажа дека полициските службеници треба да имаат повеќе обуки за комуникација со граѓаните, сметајќи дека младите полициски службеници немаат соодветни комуникациски вештини, но овие вештини недостасуваат и кај поискусните полициски службеници.



Графикон 11.

Во однос на ова прашање, околу 60% во сите три општини одговорија дека бројот на полициските службеници треба да се зголеми. Сепак, од дискусиите во фокус групите можеме да издвоиме неколку карактеристики за секоја општина. На пример, во фокус групата од Чаир најголем број учесници сметаа дека бројот на полициски службеници во нивната населба треба се зголеми, и еден од нив изјави дека не знае каков треба да биди сооднос полициски службеници/граѓанин, но смета дека бројот на полициски службеницине е доволен за бројот на жителите во Чаир .

Во Ѓорче Петров, сите шест учесници имаа слични одговори во однос на ова прашање. Тие побараа поефикасни и поорганизирани полициски сили. Во Аеродром повозрасните учесници од групата се потсетија на Југословенските Позорникари (униформирани локални полициски службеници) кои патролираа низ улиците во локалните населби сметајќи ги за позитивен пример.

Цитирајќи еден од учесниците од фокус групата за Аеродром, односно пензионирана жена во нејзините шеесетти години изјави “Порано постоеа позорникари. За секоја

населба беа назначени по двајца и сите ги познаваа. Ако нешто лошо се случува, требаше само да им кажеш и следниот ден истиот проблемот бил решен".[68] Многумина од интервјуираните во анкетите ја поддржаа идејата за улични патроли, и општина Аеродром исто така изјави дека би поддржала таква иницијатива[69].

5.5 Информирање за прашања поврзани со локалната заедница



Графикон 12.

Начинот на кој граѓаните се информираат за активностите на општината може да игра голема улога во промовирање на потенцијалот за вклучување на граѓаните во прашања за полициското работење во заедницата. Ова е особено важно ако се земе во предвид недостатокот на видливост и препознатливост на двете најважни алатки на полициското работење во заедницата во град Скопје; Локалните совети за превенција и Советодавните групи на граѓани, за кои многу голем број на испитаници не знаеја дека постојат.

При анализирање на наодите од ова прашање (графикон 12) секоја општина покажа различни резултати. На пример, општина Аеродром објавува сопствен локален весник за кој 66.7% од граѓаните потврдија дека го читаат со цел да се информираат за проблемите на заедницата. Освен тоа, при дискусијата во фокус групата весникот беше критикуван дека премногу е фокусиран на општината и недостиг на материјал кој би можел да биде повеќе насочен кон граѓаните.

Во Ѓорче Петров и во Чаир за најинформативни медиуми се сметаат радиото и телевизијата, со значаен број на интернет корисници. Помладите учесници од

68 Според дискусии од три фокус групи, одржани во јануари 2015, Скопје
69 Интервју со Марјан Келемен, службено лице за економски развој во општина Аеродром, јуни 2015.

Ѓорче Петров објаснија дека претежно се информираат за нивната заедница преку официјалната интернет страна на општината и социјалните мрежи. Сепак, општината не се инволвира интерактивно со граѓаните преку овие интернет канали и при адресирање на проблеми јавно на социјалните мрежи, критиката честопати не е добредојдена и прифатена, и негативните коментари вообичаено се бришат или цензурираат.

Начинот на кој граѓаните се информираат игра голема улога во имплементацијата на полициското работење во заедниците и затоа се препорачува да се земат во предвид културните различности кои постојат во различни општини. Пример би била општина Чаир: на анкетата 73.3% одговорија дека вестите ги добиваат најчесто преку телевизија и радио, но на дискусијата на фокус групата беше заклучено дека само поважните настани се прикажуваат на телевизиските канали. Нивниот најчест начин на добивање на општински вести е преку неформалните средби – за мажите најчесто е преку, кафе-муабети, додека жените се информираат кога излегуваат за на пазар или, за да ги однесат децата во училиште. Според спецификите на секоја општина, треба да се развијат полициски кампањи за да допрат до повеќе граѓани. Досега општините не го користеа доволно потенцијалот кој го поседуваат со активности за информирање кои би го промовирале полициското работење во заедницата.

Покрај општините, Министерството за внатрешни работи исто така има значајна улога во информирањето на граѓаните за можностите кои им се достапни за ангажирање во активности на полициското работење во заедницата. До сега нивните активности беа главно од информативен карактер како пред сè известување за исходот од настаните. Во Аеродром имало напори во мај 2014 да се подобри оваа ситуација преку промовирање на граѓански дискусии меѓу локалната полиција и граѓаните околу локалните безбедносни потреби. Ова претставува позитивен пример кој мобилизирал граѓани на оваа општина да се ангажираат повеќе за совети околу спречување на грабежи. За целта на овие дискусии Министерството за внатрешни работи објави јавно соопштение, ги контактираше локалните весници и информациите околу активностите беа објавени и на интернет страната на општината. Потребни се повеќе вакви примери со цел да се воспостави постојана практика на ангажирање на локалното население и унитарност на пристапот.

6. Заклучоци и препораки

Заклучоци

Сединатa за соработка помеѓу полицијата и граѓаните се развиваше уште од раните 2000-ти години и постигнат е одреден напредок во воспоставување на потребните институционални, организациски и човекови капацитети за спроведување на полициското работење во заедницата. Сепак, има уште многу работа и потребни се напори за да се замени традиционален полициски модел со модел на полициско работење во заедницата во Скопје како и низ Македонија.

Конкретно, примарното законодавствово Македонија не го дефинира јасно полициското работење во заедницата, па најголем дел од важната работа треба да се регулира во подзаконски документи и различни стратегии. Затоа, недостасуваат јасни правни прописи кои ја регулираат врската меѓу полицијата и општините што резултира не само со голема флексибилност туку и арбитрарност кога се спроведуваат активности кои произлегуваат од концептот на полициското работење во заедницата.

Локалните совети за превенција во град Скопје сè уште немаат преземено некаква специфична задача или активност кои би покажале дека имаат активна улога во полициското работење во заедницата. Активностите на Локалните совети за превенција досега можат да се опишат дека имаат улога да дебатираат и дискутираат.

Во една необична структура за полициско работење во заедницата, главното координативно тело во Македонија е Државниот совет за превенција, тело кое се состои од високи функционери како Премиерот и другите министерства кои имаат одговорност да го спроведуваат законот- внатрешни работи, локална самоуправа, образование и наука, здравство, правда, транспорт и врски и финансии. Овој Совет е должен да се состанува најмалку два пати годишно, но не постојат информации околу тоа дали оваа обврска е исполнета, или што било усвоено на овие средби или кои теми биле предмет на дискусија. Недостатокот на информации за активностите на ова тело ја доведува во прашање неговата ефикасност.

Министерството за внатрешни работи и неговиот Сектор за внатрешни работи ја носи главната улога и одговорност за развој на концептот на полициското работење во заедницата, поради тоа што Министерството ги имаат сите финансиски и логистички средства за имплементација. Ова дополнително го нагласува фактот дека општините немаат посебно буџетски ставки за полициското работење во заедницата, и како резултат на тоа, забележуваме дека општините имаат помалку активна улога.

Одделението за превенција при Секторот за внатрешни работи исто така е одговорно за обука на полициските службеници во областа на превенција. Сепак, структурата на обуките е непозната, вклучувајќи дали се фокусираат на комуникациски вештини, бидејќи многу граѓани го посочија како проблем недостатокот на позитивна комуникација и однесување на полициските службеници.

Градоначалниците и советите на општините добиваат извештаи за криминал секои шест месеци од страна на командирот на локалните полициски станици. Познато е дека овие извештаи се гласаат и дискутираат на седниците на советите, но не е познато колку препораките од овие извештаи се спроведуваат од страна на полицијата со оглед на тоа дека не постојат извештаи и механизми за евалуација.

Исто така, постои феномен на преголема класификација во државните институции од безбедносниот сектор, како на пример со стратешкиот план за 2013-2015 за јакнење на соработката и довербата меѓу полицијата и граѓаните кој е класифициран документ. Ова може да се оцени како проблематично во главно затоа што граѓаните и другите чинители би можеле да имаат придобивка само во случај на јавно објавување на информациите.

Дополнително, не се јасно регулирани надлежностите или употребата на расположливите ресурси и партнерства помеѓу локалните власти и Министерството за внатрешни работи. Ова може да доведе до тоа да непредвидени активности да се третираат со многу флексибилност од двете страни. Недостиг на кворум, исто така, е откриен при анализата на фреквенцијата на состаноците на Локалните совети за превенција, што на крајот може само дополнително да влијае врз целовкупното функционирање на овие Совети.

Исто така, беше идентификувана забуна во врска со воспоставувањето на Локалните совети за превенција,како и дали тие зависат од изборниот циклус или не. Некои општини на пример повторно избираа членови на годишно ниво додека други ги имаат истите членови од формирањето на Советите. Од друга страна, општина Аеродром сè уште нема формирано Локален совет за превенција, но ја опиша врската со полицијата како многу активна и вклучувачка. Понатаму, забележавме дека Советодавните групи на граѓани не се правно регулирани, туку делуваат како неформални групи на граѓани, што може само да предизвика забуна и недостиг на разбирање кај граѓаните во врска со најефективниот начин за користењето на овие групи и механизми.

За крај, непропорционалното развивање на горенаведените тела и останати како центри и клубови за превенција ја истакна потребата за усогласување на истите во сите општини соодветно.

Препораки

За Министерството за внатрешни работи и полицијата

- Моделот на полициско работење во заедницата би придобил многу доколку правно се регулира. Тоа е особено важно кога станува збор за правно дефинирање на врската меѓу локалните заедници (општините) и Министерството за внатрешни работи.

- Поактивно треба да се користат постојните платформи за комуникација како весниците или социјалните мрежи. Социјалните мрежи треба особено да се користат во делот на промоција на полициските активности каде целна група е помладата популација.

- Државниот совет за превенција треба да одржува редовни состаноци. Неговата работа треба да биде јавна и достапна за заинтересираните страни. Ова може да се реализира преку објавување на изјави, изјави за печат, известување до медиумите и сл. Исто така ГО кои работат на теми релевантни за агендата на состанокот треба да имаат можност да дадат свој придонес.

- Министерството за внатрешни работи заедно со општините треба да избегне преголема класифицираност на документите кои се важни за полициското работење во заедницата. На пример стратешкиот план за 2013-2015 за јакнење на соработката и довербата меѓу полицијата и граѓаните не треба да се смета за класифициран документ и истиот треба да биде достапен за јавноста
- Одделението за превенција при Секторот за внатрешни работи во Скопје, треба да усвои процедурални правила што се однесуваат на структурата на сите механизми на полициско работење во заедницата, како што се функционирањето на Советодавните групи на граѓани. Овие правила би ги регулирале прашањата како што се фреквенцијата на состаноци, вклучените страни, и следење на препораките и треба да се јавно достапни.

- Граѓанските организации треба да бидат вклучени во изработувањето на какви било стратешки концепти или документи од важност за полициското работење во заедницата со цел целиот процес да го направат сеопфатен.

- Добрите практики на Училишните клубови за превенција да се искористат и во други училишта. Исто така е важно учениците кои се вклучени во активностите на Клубовите за превенција да ротираат со цел да се постигне поголема вклученост на целните групи во проектите.

- Постои потреба од активности за подигнување на свеста кај граѓаните со цел да се информираат за можностите за граѓанско ангажирање во полициската работа, како и за можноста да се формираат советодавни групи на граѓани.

- Постои потреба за отворање на Центри за превенција во други општини – особено

релевантно за Чаир поради големата густина на населението во оваа општина како и релевантно за руралните подрачја на општина Ѓорче Петров.

До општините Аеродром, Чаир и Ѓорче Петров

- Општините треба исто така да усвојат процедурални правила во врска со структурата на сите механизми на полициско работење во заедницата како функционирањето на Локалните совети за превенција. Правилата би ги регулирале прашањата како фреквентноста на состанувањето, вклучените страни, следење на препораките и треба да се јавно достапни.

- Иницирање на донесување/ измена на законодавство кое би ги обврзало општините да учествуваат во прашања за полициското работење во заедницата како на пример Законот за локална самоуправа.

- Да ги покануваат граѓанските организации на работните состаноци на Локалните совети за превенција

- Општините треба да имаат посебни буџетски ставки за полициското работење во заедницата.

- Општините во соработка со Министерството за внатрешни работи треба јавно да ги објавуваат шестмесечните извештаи за активностите на локалната полиција и криминалот на локално ниво за секоја општина. Општините, во соработка со локалните граѓански организации треба да идентификуваат членови на заедницата кои се веќе активни во локалните активности, и при тоа да ги повикаат да учествуваат во полициското работење во заедницата. Обично тие членови би биле волонтери со цел да се избегнат буџетски ограничувања или импликации.

- Претставници на Локалните совети за превенција треба да се среќаваат и со своите колеги од соседните Локални совети за превенција и да дискутираат безбедносни прашања кои можат да ги засегаат граѓаните на двете општини.

Библиографија

Законодавство

Закон за полиција на Република Македонија, Сл. Весник на Р.Македонија Бр.114/2006 со промени во Службен весник. 145/2012 и С.В 41/2014

Закон за полиција на Република Македонија, Сл. Весник на Р. Македонија Бр.133/ 2008

Други документи и извештаи

Упатство за регулирање на методите и начините на превентивно работење како и за планирањето и евидентирањето на превентивните активности, Министерство за внатрешни работи, февруари 2013

Основи на превентивно полициско работење, Розалита Дојчиновска, Одделение за превенција, Сектор за внатрешни работи Скопје, 2013

Публикации

Цвете Конеска “Македонија: Контекст анализа на реформите во безбедносниот сектор во Македонија 1991-2008” http://analyticamk.org/images/stories/files/cassrm_mk.pdf; Скопје, 2011

H I DeGeneste ; J P Sullivan “Полициското работење во мултикултурната заедница”, Егзекутивниот истражувачки полициски форум(PERF) NW, 1997

A. Dikici, ‘Работењето на полицијата во заедниците’, ОБСЕ” , Планови на предавања на ОБСЕ, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, во А. Дикичи “Воведување на Мулти-етничкото полициско работење во Македонија: Улогата на ОБСЕ”. Улусларараси Хукух ве Политика

Сектор за правда на САД- “Дефинирање на работењето на полицијата во заедниците’- http://www.cops.usdoj.gov/pdf/vets-to-cops/e030917193-CP-Defined.pdf Вашингтон, прв пат издадено2012, ревидирано 2014

Лиу, Куотсаи Том и Еуџин Џ Савеџ, “Перцепција на граѓаните околу влијанието на полициското работење во заедницата”Квартален извештај на Јавна Администрација Вол. 20 Бр.2 1996

Тројановић, Роберт Ц. и Д. Картер, “Филозофијата и улогата на полициското работењево заедницата”. Ист Ленсинг МИ: Мичиген Стејт Универзитет, 1988

Реисиг, Мајкл Д. “Полициско работење во заедницата и проблем-ориентирано работење” Крајм & Јастис 39, Бр.1 2010

Бродген Мајк, Преети Нијхар “Полициско работење во заедницата, национални и меѓународни модели и пристапи” Рутлеџ 9A&sig=ANxTF1ku6RPuUiiO8eoGH8YjjNE&redir_esc=y#v=onepage&q&f=false ,Њу Јорк (САД), 2013

Медиуми

Албанските протести продолжуваат во Македонија, Топ Чанел, 11.07.2014 – http://www.top-channel.tv/english/artikull.php?id=12286

Акцијата на Македонската полиција достапна во етничките немири– Балкан Инсајт, 23.05.2014 – http://www.balkaninsight.com/en/article/skopje-calm-after-ethnic-riots-over-murder

Полицијата сепак не е толку (не) сакана [Un/Wanted police].Утрински весник 29.12.2014 http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=CF043B4819614F4F8E9EC908845D0EEF

Консултирани интернет страни

Интернет страна на општина Аеродром, општи информации http://www.aerodrom.gov.mk/portret-na-opshtinata.html, Пристапено на 03.06.2015

Интернет страна на општина Чаир, географска позиција- http://cair.gov.mk/pozita.html Проверено на 03.06.2015

Интернет страна на општина Ѓорче Петров, Демографија: http://www.opstinagpetrov.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2352&Itemid=69 Проверено на 03.06.2015

Платформа на онлајн алатка за пополнување на анонимни поплаки во општина Аеродром достапна на **service.aerodrom .gov.mk**

ОБСЕ Скопје: ОБСЕ мисијата во Скопје го продолжува Проектот за безбедност во училиштата http://www.osce.org/skopje/94516%20last%20accesses%2004.06.2015

Министерство за внатрешни работи Проект Училишна безбедност, достапна на: http://www.mvr.gov.mk/vest/35, проверено на 04.06.2015

Интервјуа

Марјан Келемен, службеник за локален економски развој во општина Аеродром, Скопје 01.06.2015

Сабит Шабани, член во Советот на општина Чаир, (Лично интервју спроведено во општина Чаир, Скопје 07.05.2015)

Е-маил интервју со член од областа на образованието во Локалниот совет за превенција во општина Чаир, спроведено интервју на 01.04.2015

Телефонско интервју со член од Локалниот Совет за превенција на општина Чаир, кој одбра да остане анонимен, спроведено во февруари 2015

Интервју со службеник од општина Ѓорче Петров, кој одбра да остане неидентификуван, интервјуто е спроведено на 09.04.2015

Ристо Јовановски, главен инспектор во Одделение за превенција при Сектор за внатрешни работи, Скопје, март 2015

Интервју со претставник на мисијата на ОБСЕ во Скопје

Фокус групи

Дискусии со три фокус групи или 18 учесници од општините Аеродром, Чаир и Ѓорче Петров. Сите три групи беа балансирани според возраст и род, најмладиот учесник во дискусиите беше 20 годишен, додека најстариот 66 годишен. Дискусиите се одвиваа во канцеларијата на Аналитика на тема безбедноста во нивните заедници.

Прашалници пратени преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

27 барања беа пратени до Министерство за внатрешни работи, 16 барања до општина Аеродром, 17 до општина Ѓорче Петров и 12 барања до општина Чаир.

ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА- ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛНОСТ

Автори: Калтрина Селими & Андреја Богдановски

analyticamk
www.analyticamk.org

Скопје 2015

